**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за планирање и уредување на просторот**

ПРЕТСТАВНИК: **Раководител/Пом. раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот**

ПОВЕРЕНИК: **Претставник од Сектор за планирање и уредување на просторот**

# П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А

**за давање на користење недвижни ствари
на ЈП Градски паркинг - Скопје**

**Скопје, август 2024 година**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), Советот на Град Скопје на .......... седница, одржана на ________ 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на користење недвижни ствари**
**на ЈП Градски паркинг - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука Град Скопје на ЈП Градски паркинг - Скопје, дава на користење недвижни ствари – деловен простор со вкупна површина од 451м$^2$, сопственост на Град Скопје, што се наоѓа во Катната гаража „Беко“ на ул. „Даме Груев“ – Скопје, запишан во Имотен лист бр. 106535, КП 11949/18, КО Центар 1, и тоа:

- деловен простор број 23, ниво ПО-1, со внатрешна површина од 57м$^2$;
- деловен простор број 31, ниво ПР, со внатрешна површина од 59м$^2$;
- деловен простор број 20, ниво ПР, со внатрешна површина од 100м$^2$;
- деловен простор број 21, ниво ПР, со внатрешна површина од 94м$^2$;
- деловен простор број 22, ниво ПР, со внатрешна површина од 83м$^2$;
- деловен простор број 31, ниво К1, со внатрешна површина 58м$^2$

**Член 2**

Деловниот простор од член 1 на оваа Одлука, се дава на користење, без надомест.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор со ЈП Градски паркинг – Скопје со кој ќе се уредат односите кои произлегуваат од примопредавањето на деловниот простор од член 1 на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ___-
__________ 2024 година
С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

О б р а з л о ж е н и е

Правен основ за донесување на оваа предлог одлука **е член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа** со кој се утврдува надлежноста на Советот на Град Скопје, а тоа е, меѓу **другото одлучување за начинот на располагање со сопственоста на Градот.**

Јавното претпријатие Градски паркинг – Скопје, се обрати до Град Скопје со барање Градот Скопје да му излезе во пресрет во решавање на потребите на Претпријатието од аспект на сместување на дел од вработените кои се сместени во простории сопственост на Државна лотарија на Македонија. Претпријатието не располага со административен простор во сопственост или користење, заради што издвојува значителни финансиски средства за таа намена.

**Град Скопје е сопственик на Катната гаража „Беко“.** Со Одлука на Советот на Град Скопје од 2015 година ("Службен гласник на Град Скопје“ 15/2015) на ЈП Градски паркинг се пренесе просторот кој е во функција на остварување на дејноста паркирање. Се цени со давањето на право на користење на просторот опишан во член 1 на Предлог одлуката, заради пренесување на дел од вработените во тој простор во рамки на Катната гаража, ќе се создаде функционална целина во остварувањето на дејноста паркирање. **Истовремено ќе се создадат претпоставки за финансиско зајакнување на Претпријатието, од аспект на намалување на трошоците по основ на закуп на деловен простор.** Во тој контекст, Град Скопје е основач на ЈП Градски паркинг и претпријатието како такво е во сопственост на Градот, кое нешто произлегува од член 67 од Законот за локалната самоуправа дека јавните служби основани од општината се нејзина сопственост.

**Катната гаража „Беко“ е сопственост на Град Скопје и со неа располага Советот на Град Скопје** и согласно напред изнесеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлука за давање на користење недвижни ствари на ЈП Градски паркинг Скопје.